Николина КЕНИГ

# СТРУКТУРАЛНА АНАЛИЗА НА ИДЕНТИТЕТОТ

## ЗА ИДЕНТИТЕТОТ: ТЕОРЕТСКИ РАЗМИСЛУВАЊА

Содржините на нашите лични доживувања се тек кој непрекинато се менува; ниту еден момент не е идентичен на некој друг. Сепак, постои едно јадро на нашата личност кое на сите тие различни доживувања им дава континуитет и ги интегрира. Тоа не само што останува само на себе идентично, и покрај сите надворешни и внатрешни промени, туку под нивно дејство го чувствуваме уште поинтензивно. Идентитетот, тоа јасно чувство, на истоветност со самиот себе низ времето што ни го овозможува искуството на внатрешна стабилност, која опстојува наспроти општата променливост, нарекувано со различни имиња и толкувано на различни начини низ историјата на човештвото, е предмет на интерес од самите почетоци на цивилизацијата. Можеби не е претерана проценката дека античката филозофија на која во голема мера се темели современата хуманистичка наука, започнува со императивот за откривање на сопствениот идентитет, запишан на влезот на Делфискиот храм.

Сфаќањата за идентитетот и различните облици на селф се појавуваат како основен дел на теоретските концепции на класиците на психолошката научна мисла, како Џејмс и Мид. Џејмс (1890) прави разлика помеѓу сознавачко јас и емпириско јас кое е композит од материјално јас, социјално јас и духовно јас (или селф во најтесна смисла), корелатот на внатрешното чувство на единственост. За Мид (1934), идентитетот се формира како рефлексија на реакциите на значајните други низ интеракциите во референтната група.

Идентитетот како фокус на научен интерес добива популарност со појавата на Ериксоновата психосоцијална теорија, според која тој се развива низ пет фази, секоја ситуирана во определен хронолошки период од животот, а детерминирана од искуствата на личноста во дадениот социјален и културен контекст (Ериксон, 1977 ). Понатамошните проучувања поврзани со идентитетот и неговиот развој, иако несомнено придонесуваат кон неговото разбирање, внесуваат и терминолошки несогласувања и море од различни дефиниции и толкувања. Една од причините за оваа појава е парадоксалната природа на идентитетот кој, иако речиси континуирано јасно се доживува, тешко може да се подведе под сеопфатна и недвосмислена вербална определба.

Другата причина, несомнено, е фактот дека обидите за операционализација на идентитетот и нему сродните концепти, како и емпириската работа со нив се мошне оскудни*.

## ИДЕНТИТЕТОТ МОЖЕ И ДА СЕ МЕРИ: СТРУКТУРАЛНА АНАЛИЗА НА ИДЕНТИТЕТОТ

Структуралната анализа на идентитетот е приод во мерењето на компонентите и процесите кои се поврзани со различни димензии на персоналниот и групниот идентитет. Тој е деривиран од интердисциплинарна теоретска рамка која во себе ги интегрира базичните поими во врска со селфот, посматран низ психолошка, социолошка и антрополошка перспектива. Главни претпоставки на кои се засновува се Ериксоновата психодинамска теорија, теоријата за социјална компарација на Фестингер, Мертоновата теорија на референтни групи, симболичкиот интеракционизам на Мид, Келиевата теорија на персонални конструкти и Хајдеровата теорија за когнитивно-афективна конзистенција**.

Неговата отвореност и еластичност овозможуваат конструирање и/или приспособување на инструменти за квалитативна и квантитативна анализа на кој и да било аспект на идентитетот. Ова е можно поради тоа што со структуралната анализа на идентитетот, теоретските концепти се емпириски преводливи, а со софтверскиот програм*** кој се приспособува на која и да било содржина на конструираниот инструмент, тие лесно се трансформираат во нумерички показатели кои понатаму се интерпретираат и се осмислуваат во конкретна теориска рамка.

Квантитативниот опис на податоците што произлегува од обработката, битно се разликува од класичните статистички мерки кои се користат во психометријата. Резултатите не се добиваат во вид на скорови (како кај психометриски тестови) ниту во вид на проценки

---

* Под влијание на феноменолошки ориентираните клинички психолози, последниве децении сè повеќе се инсистира на проценување на субјективното доживување на испитаникот за самиот себе. Засега најкористени техники со кои се добива таа проценка, преводлива во помалку или повеќе информативни нумерички показатели, се Q техниката на Стивенсон, семантичкиот диференцијал на Озгуд и соработниците, и Келиевата техника на експлорација на персонални конструкти (според Бергер, 1984).

** Автор на пристапот е d-r Peter Weinreich, професор по психологија на Алстерскиот универзитет во Белфаст.

*** Компјутерскиот програм за обработка на податоците (IDEXWIN) од структуралната анализа на идентитетот е приспособен за употреба преку која и да било верзија на *Windows*. Постојат два типа програми: едниот служи за анализа на поединечни случаи (идио-верзија), а другиот за обработка на податоци од групи испитаници (номо-верзија).

(како кај скалите на процена), туку претставуваат индекси кои се движат во рамките на однапред утврдени минимални и максимални вредности. Ова произлегува од фактот дека за анализа на податоците се користат алгоритми на Буловата алгебра. Со цел анализата да не се сведе исклучиво на дескриптивно ниво, сите нумерички параметри (индекси) се нормализирани, што овозможува директна споредба на индивидуа со индивидуа (односно група со група во номотетската верзија), и покрај тоа што тие меѓусебно може да се разликуваат од појдовните вредносни системи или стилови во употребување на скалата на процена на која респондираат (Weinreich, 1986a).

## КОНЦЕПТУАЛНИ ДЕФИНИЦИИ НА КОМПОНЕНТИТЕ НА ИДЕНТИТЕТОТ И НИВНИТЕ АЛГЕБАРСКИ ТРАНСФОРМАЦИИ

Централно значење во дефинирањето на концептите низ овој приод имаат процесите на идентификација на лицето со другите, за него значајни луѓе и со институциите и симболите од неговото социјално окружување. Со инструментите конструирани врз основа на структурална анализа на идентитетот се добива квантитативен опис на компоненти на селфот и нивните меѓусебни односи. Заради избегнување на терминолошка конфузија, за секој клучен психолошки ентитет од кој се изведува нумерички индекс, дадена е концептуална дефиниција, операционализирана преку алгебарски трансформации (Weinreich, 1986a).

1. ***Идеална слика за себе*** (его-идеал) е композит од карактеристики, способности и вештини кои лицето ги посакува или се стреми да ги поседува. Се констатираат преку реакциите на испитаникот на исказот Јас, каков-а што сакам да бидам а го дефинираат личниот вредносен систем.
2. ***Сегашната слика за себе*** е резултат на проценките за себе кои лицето ги прави имајќи ги предвид своите реални особини во дадениот момент. Генерална рамка за одговарање е исказот Јас каков-а што сум сега, но може да се модифицира и низ различни актуелни улоги или состојби кои се релевантни за димензиите на селфот што го испитуваме, како на пример Јас како родител, Јас кога сум во депресија, Јас како Македонец-ка и сл.
   Нормализираната проценка на сегашната слика за себе се добива преку односот:

| |
|---|
| (1) R\` (Ec) = R (Ec)/max R, каде што R (Ec) е степенот во кој другите се проценуваат со позитивни или негативни атрибути произлезени од личниот вредносен систем, а max R е евалуацијата на идеалниот селф. |

3. ***Слика за себе од минатото*** произлегува од свесноста на индивидуата за релативната менливост на определени аспекти на селфот низ текот на животот. На пример, ако сликата за себе на еден студент - адолесцент ја сметаме за битно изменета од онаа што ја имал пред да започне со студирањето, до информации за минатиот селф може да се дојде во рамките на временски ориентир дефиниран како Јас кога бев средношколец. Нумерички опис на сликата за себе од минатото (како и за сегашната), се доаѓа преку севкупните проценки на позитивни и негативни евалутивни конотации припишани на односниот селф, низ перспективата на сопствениот вредносен систем. Нормализираната проценка на сликата за себе во минатото се добива преку формулата:

(2) R` (Ep) = R (Ep)/max R

4. ***Позитивниот модел (или референтна група) за идентификација*** е лице* (или група) кои низ сопствениот вредносен систем се перципираат како некои што ги поседуваат атрибутите поврзани со его-идеалот.
5. ***Негативниот модел (или референтна група) за идентификација*** се носители на негативните атрибути од кои лицето настојува да се дисоцира, односно контраидентификува.
6. ***Идентификацијата*** како процес може да се одвива според два дискурса: оној кон кој индивидуата се стреми и оној во кој реално егзистира. Кога се работи за идентификација со група, првото ниво на идентификување би било во рамките на референтна група а второто како актуелна групна припадност. Кај идентификацијата со други лица, во првиот случај се работи за идентификација со позитивен модел, а во вториот за емпатиска идентификација. Разликата помеѓу двете нивоа на идентификација е детерминирана од личниот систем на вредности. Додека идентификацијата со референтната група и позитивниот модел се одвива исклучиво по линијата на вредностите кои се третираат како позитивни, емпатиската идентификација и групната припадност се резултат на перципираната сличност со модел-лицето (групата) без разлика на евалутивната конотација што произлегува од нивните карактеристики.

* Покрај лице, објект за идентификација може да биде и институција, симбол или парола, односно сè она што за индивидуата може да биде од некакво значење во формирањето на нејзиниот идентитет.

- ***Сегашната идентификација*** и ***минатата идентификација*** се дефинираат преку степенот на сличност припишан на актуелната слика за себе односно сликата за себе во минатото со определено лице или група.

  Квантитативниот показател се добива преку односот:

(3) **ψc = Ec ∩ Ei + / Ec**, каде што Ес е сегашната слика за себе, а Ei лицето/групата со која се идентификува*.

- ***Идеалистичната идентификација*** со другите е процес на поистоветување на атрибутите на идеалниот селф со оние кои се перципираат како постоечки кај лицето или групата која е објект на идентификација. Нумерички изразено, таа е:

(4) **fi = (α1 + α2) / (α1 + α2 + α3 + α4 + α5 + α6)**, каде што **αn** е евалутивна проценка дадена за лицето или групата, и тоа сите позитивни за броителот и сите вкупни за именителот.

- Спротиставено тежнение е **контраидентификацијата**: лицето настојува да се дисоцира себеси од лицето (групата) на кои им припишува својства опозитни од оние кон кои се стреми:

(5) φi = (α2 +α4 +α6) / (α1+ α2 + α3 + α4 + α5 + α6), каде што евалутивните проценки од броителот се негативни, а од именителот се сите вкупни.

- Конфликти во идентификацијата - од аспект на сегашната слика за себе, степенот на идентификациониот конфликт се дефинира како мултипла функција (геометриска средина) на сегашната идентификација и контраидентификацијата со истото лице или група. Сличниот однос важи и за дискрепанцата помеѓу сегашниот и минатиот селф. Се изразува како:

(6) **Kic =$\sqrt{\varphi\iota\psi\iota}$** каде што ψi и φi се дадени во равенките (3) и (5).

7. ***Општа дифузија на идентитетот*** е состојба која настанува како последица на дисперзија на релативно изразени идентификациски конфликти со други значајни лица, а може да се проце-

* За минатата идентификација Ψр важи истиот однос, со тоа што наместо Ес се зема предвид аналогот Ер.

ни како за сегашниот така и за минатиот селф. Алгебарски преведена, таа е однос меѓу:

(7) $\Delta c = \Sigma GiKic / \Sigma Gi$, каде што **Kic** е моменталниот конфликт во идентификацијата а Gi е даден во равенката (10).

8. ***Самопочитувањето*** е општата евалуација за себе во текот на животниот континуум (минат, сегашен селф и его-идеал) направена врз основа на инкорпорираниот вредносен систем. Оттука, ако се користи како единствен индикатор на психолошката благосостојба, индексот на самопочитување може да даде лажни информации за задоволството на индивидуата сама од себе. Идентичниот степен на самопочитување што може да произлезе од дискрепанцата помеѓу минатата и сегашната слика за себе или сегашната слика за себе и его-идеалот, не е резултат на исти, туку, напротив, на две сосема различни психолошки состојби. Згора на тоа, висок индекс на самопочитување може да настане заради тоа што индивидуата добро се чувствува, но и како одбранбено негирање на конфликтите во идентификацијата.
Алгебарски, самопочитувањето е сума на нормализираните евалуации на R\` (Ec) и R\` (Ep), односно:

(8) $S = Gc\,(R`Ec) + Gp\,R`\,(Ep) / Gc + Ep$, каде што Gc и Gp се его-инволвираноста во сегашниот и во минатиот селф: види ги формулите (9) и (10).

***Его-инволвираноста*** на лицето со другите се дефинира како негова респонзивност кон нив, гледано низ призмата и на значајноста и зачестеноста на припишување на атрибутите. Со други зборови, его-инволвираноста расте со значајноста која другите ја имаат за лицето, независно дали евалутивниот предзнак на таа значајност е позитивен или негативен. Протегањето на его-инволвираноста на различни лица или групи се определува преку:

(9) $\sigma i = \Sigma\alpha j\; si,j / \Sigma\alpha j$, каде што $\alpha j$ се ранговите што лицето ги користи во евалуацијата, а **si,j** е нивниот апсолутен износ.

Интензитетот на его - инволвираноста е дефиниран како:

(10) $Gi = X\,\{\sigma i / max\sigma i\}$, каде што **X** е степенот на можен ранг, а $\sigma i$ е дадено во претходната равенка.

9. ***Амбиваленциите*** кон аспекти од самиот себе или останатите се производ од позитивни евалуации припишани на атрибути кои во личниот систем на вредности се негативни и обратно. По дефиниција, амбиваленција единствено не може да се појави кон его-идеалот. Амбивалентноста има особено значајна улога во структурата на идентитетот кога се појавуваат за лица, групи или симболи кон кои постои висока его-инволвираност.
   Индексот на амбиваленција може да се изрази низ односот:

(11) **AMB** = **Σαj si, j** (компатибилни евал. предзнаци) / **Σαj si, j** (инкомпатибилни евал. предзнаци)

10. ***Структуралниот притисок*** (стабилност на евалуативните конотации) претставува степен на компатибилност на вкупната евалуација на лицето (или групата) релевантни за испитуваниот аспект на идентитетот, со поединечните нивни проценки по определени атрибути. Со зголемувањето на инкомпатибилноста се намалува структуралниот притисок, односно хомогеноста во проценките. Негативните вредности укажуваат на постоење на двоен стандард на оперирање: она што лицето кај себе го гледа како пожелно и прифатливо, кај другите го осудува.
   Нормализираниот индекс на структуралниот притисок е определен како:

(12 ) **Ωj`** = **{Ωj / max** [|Ω+| + |Ω-|]**} x 100**, каде што **Ωj** е сума на индексите на его-инволвираност на лицето со секое-ја од лицата, т.е групите со кои се идентификува.

## КОНКРЕТНИ ЧЕКОРИ: КАКО СЕ КОНСТРУИРА ИНСТРУМЕНТ ЗА МЕРЕЊЕ НА АСПЕКТИТЕ НА ИДЕНТИТЕТОТ

Структуралната анализа на идентитетот не обезбедува увид за идентитетот во целина и низ еден наврат. Ако дури и го оставиме настрана умесното прашање дали тоа е воопшто можно, имајќи ја предвид неопределеноста на поимот, не треба многу докажување околу тоа колку таквата проценка може да биде корисна. Во таа смисла, голема предност на овој пристап му е неговата приспособливост која што се манифестира низ можноста да се употребува на селектирани

аспекти на идентитетот, како и неговата апликативност која произлегува оттука. Засега, најчесто е употребуван во областа на клиничката и медицинската психологија (депресија, анорексија, невроза и булимија), во социјалната психологија (етнички идентитет) и развојната психологија (адолесценција и билингвалност)*.

Поаѓајќи од адекватна теориска основа, врз основа на базичните концепции може да дојдеме до податоци за кој и да било аспект на индивидуалниот или групниот идентитет, до колку конструираме инструмент чија содржина ќе биде релевантна за аспектот на идентитет кој сме го одбрале како предмет на интерес. За да се конструира инструмент за мерење на аспектите на идентитетот, неопходно е добро да се дефинираат сите фактори кои го определуваат и тоа во даден социјален, културен и историски контекст кој е од директно значење за испитаниците на кои им е наменет. Првиот чекор се состои од правење листа на сите лица, групи, институции и симболи од социјалниот свет кои влијаат врз формирањето на дадената димензија на идентитетот на испитаниците. Најчесто тоа се фигури кои се клучни во биографијата на поединецот: родители, партнери, учители, идоли, пријатели, влада или политички партии, знамиња или знаци. Во склоп на инструментот, тие служат како контекст низ кој се проценуваат аспектите на сопствениот идентитет. Сите овие елементи во терминологијата на структуралната анализа на идентитетот се означени како ***ентитети***.

Постојат неколку мандаторни ентитети кои неизбежно мора да се вклучат во инструментот, а се однесуваат на его-идеалот, сегашната слика за себе, сликата за себе од минатото, метаперспективата (сликата за себе гледана низ очите на некој друг), лицето на кое му се восхитуваме и лицето кое го презираме. Вербалната формулација на мандаторните ентитети може да се обликува во контекстот на испитуваниот аспект на селфот, но тие не можат да останат единствени во инструментот. Додатните ентитети се неопходни како референтен систем во кој индивидуата ќе се проценува. На пример, ако сакаме да испитуваме етнички идентитет, ентитетите би можеле да добијат ваков облик:

* Покрај широката употреба во психодијагностиката, структуралната анализа на идентитетот како пристап и од неа дериваните инструменти за анализа на аспектите на идентитетот е потврдена и како многу корисна во сферата на базичните научни истражувања. До 1996, објавени се 14 докторски дисертации, 11 магистерски тези и 6 специјализации кои го користат овој приод (според Weinreich, 1996)

*Мандаторни ентитети*

1. Јас каков-а што би сакал-а да бидам (идеален селф)
2. Јас каков-а што сум сега (сегашна слика за себе)
3. Јас во поранешна Југославија (слика за себе од минатото)
4. Јас во очите на Албанците/ Македонците (метаперспектива)
5. Лицето на кое му се восхитувам
6. Лицето кое го презирам

*Други релевантни ентитети*

1. Јас како Македонец-ка или (Албанец-ка, Турчин-ка)
2. Мајка ми
3. Татко ми
4. Мојот најдобар пријател-ка
5. Владата на Република Македонија
6. Косово итн.

Вредносниот систем на испитаникот според кој тој се идентификува (или контраидентификува) имплицира од таканаречените ***конструкти***. Конструктите се дефинираат низ биполарен континуум кој може да биде конструиран како скала од 3, 5, 7 или 9 степени (со нула на средината), а претставуваат две спротивставени тврдења релевантни за испитуваниот аспект на идентитет. Одлуката за бројот на ваквите тврдења кои ќе ги содржи инструментот мора да се донесе врз основа на тоа колку информации ни се неопходни и каква е структурата на примерокот на кој инструментот ќе се употребува. Преголемиот број на конструкти би можел да ја намали концентрацијата и мотивацијата, а со премалку конструкти не ќе можеме да добиеме реална слика за структурата на идентитетот*.

Ако се навратиме на примерот со инструментот за мерење на етничкиот идентитет, а ако се одлучиме за седумстепена скала, некои од конструктите би можеле да гласат:

---

* Во досега публикуваните инструменти, бројот на конструкти и идентитети се движи од 12 до 25.

| | |
|---|---|
| Религијата е од суштинско значење за општата благосостојба | Религијата е ирелевантна за современите услови на живеење |
| 3 2 1 0 | 1 2 3 |
| Традиционалните вредности на сопствениот народ се поважни од личните | Во денешно време традицијата повеќе е штетна отколку корисна |
| 3 2 1 0 | 1 2 3 |

Се разбира, сосема поинакви конструкти би креирале ако нашиот интерес го фокусираме на структурата на идентитетот на депресивни клиенти или малолетни деликвенти. Дури, овие конструкти не би можеле да се користат за проценка на етничкиот идентитет во сите средини и историски контексти, туку само за конкретниот примерок за кој се релевантни.

Конечниот инструмент е всушност матрица која се состои од онолку влеза за одговарање колку што е производот на сите вклучени конструкти и ентитети. За секој ентитет поединечно, испитаникот треба да го определи степенот на согласување со едниот од половите на конструктот. Нултата позиција се користи кога позицијата е неизвесна (недоволно информации или недоволно разбирање) или неутрална.

Во примерот за можни одговори кои на хипотетскиот инструмент за мерење на етничкиот идентитет ги дава еден испитаник (види Слика 1), гледајќи го татко му како некој кому религијата му е многу важна, на ентитетот *Татко ми смета дека...* тој му ја припишува крајната позиција лево (3) за да го опише. За мајка му смета дека религијата ѝ е умерено значајна и затоа го заокружува бројот 1 на полот кој тврди дека религијата е релевантна за општата благосостојба. Себеси во минатото се проценува како некој кому религијата многу му значела, па се определува за вториот степен (2) на левиот крај од скалата на ентитетот *Јас во поранешна Југославија.* Но, бидејќи во моментот не гледа веќе така на тоа прашање и смета дека религијата е крајно ирелевантна за современото живеење, на аналогниот ентитет се определува за десниот екстрем (3). Истата определба важи и за тоа каков би сакал да биде, каков е неговиот пријател, лицето на кое му се восхитува и за тоа каков смета дека е во очите на Албанците. Од перспектива на ентитетот *Јас како Македонец*, религијата ја третира како неважна, но во умерен степен, па ја избира позицијата 1 на десниот крај на скалата. Истата позиција ѝ ја доделува и на Владата на Република Македонија. За Косово смета дека религијата му е екстремно важна и

го заокружува бројот 3 на левиот крај. Најнакрај, бидејќи не знае како во врска со тоа прашање би мислело лицето кое го презира, го проценува со нула.

| | Религијата е од суштинско значење за општата благосостојба | | | | | Религијате е ирелевантна за современите услови на живеење |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Татко ми смета дека... | 3✓ | 2 | 1 | 0 | 1 | 2 | 3 |
| Мајка ми смета дека... | 3 | 2 | 1✓ | 0 | 1 | 2 | 3 |
| Јас, во поранешна Југославија, сметав дека.. | 3 | 2✓ | 1 | 0 | 1 | 2 | 3 |
| Јас каков-а што сум сега, сметам дека... | 3 | 2 | 1 | 0 | 1 | 2 | 3✓ |
| Јас како Македонец-ка, сметам дека... | 3 | 2 | 1 | 0 | 1✓ | 2 | 3 |
| Мојот најдобар другар-ка смета дека... | 3 | 2 | 1 | 0 | 1 | 2 | 3✓ |
| Јас каков-а што би сакал-а да бидам, би сметал-а дека.. | 3 | 2 | 1 | 0 | 1 | 2 | 3✓ |
| Јас, во очите на Албанците сум некој кој смета дека... | 3 | 2 | 1 | 0 | 1 | 2 | 3✓ |
| Косово смета дека... | 3✓ | 2 | 1 | 0 | 1 | 2 | 3 |
| Лицето на кое му се восхитувам смета дека | 3 | 2 | 1 | 0 | 1 | 2 | 3✓ |
| Владата на Република Македонија смета дека.. | 3 | 2 | 1 | 0 | 1✓ | 2 | 3 |
| Лицето кое го презирам смета дека... | 3 | 2 | 1 | 0✓ | 1 | 2 | 3 |

Слика 1. *Пример за можни одговори добиени за еден конструкт од инструмент за мерење етнички идентитет*

Откако испитаникот ќе ја определи позицијата на сите ентитети по секој понуден конструкт, се пристапува кон обработка на податоците според која се добиваат индекси за сите концепти кои беа дефинирани. Овие индекси не се сѐ што може да се добие како квантитативен показател од инструментот. Софтверскиот пакет овозможува

правење на споредби меѓу поединечни испитаници, групи испитаници или податоци од ист испитаник, земени во два наврата.

Вкрстувањата на индексите на дифузија на идентитетот и селф-евалуацијата даваат општи параметри на идентитетот кои се директна слика на приспособеноста односно вулнерабилноста на поединецот/групата. Тие се следниве: дифузен идентитет со високо самопочитување, дифузен идентитет, криза, самоуверен идентитет, неопределен идентитет, негативен идентитет, одбранбен идентитет со високо самопочитување, одбранбен идентитет и негативен одбранбен идентитет.

**ЗАВРШНИ ЗАБЕЛЕШКИ: НЕКОИ СПЕЦИФИЧНОСТИ НА ПРИСТАПОТ**

- Голема предност на структуралната анализа на идентитетот е тоа што не мора да се води сметка за идентичноста на конотативните значења кои различни испитаници им ги припишуваат на конструктите или ентитетите. Напротив, токму нивните субјективни значења се тие според кои може да се добие увид во структурата на аспектот на идентитетот кој се испитува.
- Анализата и интерпретацијата на податоците не се врши со post hoc психолошки толкувања на статистички податоци, па затоа нејзината вредност зависи од недвосмисленото дефинирање на психолошките поими пред креирањето на инструментите.
- Пристапот сепак има и сериозни ограничувања спореден со нешто што би било идеално средство за научна анализа. Самиот процес на конструкција на инструментот дава јасен увид во тоа дека не може исцрпно и сеопфатно да ги утврдиме сите димензии на идентитетот ниту, пак, да дојдеме до некаква ултимативна „вистина“ за испитаникот или групата.
- Пристапот демонстрира и дека едноставните линеарни показатели кои ги сметаме за репрезенти на идентитетот не може да бидат доволно информативни за комплексниот свет на една индивидуа или група. Резултатите од истражувањата може да отсликаат само аспекти на реалноста.

**ЛИТЕРАТУРА:**


1. Berger, J. (1983) *Psihodijagnostika.* Beograd: Nolit
2. Erikson, E (1977) *Childhood and Society.* London: Paladin
3. James, W. (1890) *The Principles of Psychology.* New York: Holt
4. Kirch, A. (1997) *The Integration of Non-Estonians into Estonian Society.* Tallinn: Estonian Academy Publishers
5. Mead, G. H. (1934) *Mind, Self and Society.* Chicago: University of Chicago Press
6. Weinreich.P (1985) Identity Exploration in Adolescence. *International Journal of Adolescent Mediceine and Health, Vol.1, no.1-2*, 52-70
7. Weinreich, P. (1986a) *Manual for Identity Exploration Using Personal Constructs.* University of Warwick: Centrer for Research in Ethnic Relations
8. Weinreich, P. (1986b) The Operationalization of Identity Theory in Racial and Ethnic Relations. vo Rex, J. & Mason, D.(ed). *Theories of Race and Ethnic Relations*, 281-299, Cambridge University Press: Cambridge
9. Weinreich, P. (1988) Black Youth in South Africa: Situated Identities and Patterns of Ethnic Identification. во Canter, D. et al. (eds). *Environmental Social Psychology.* 23-318. Kulwer Academic Publishers: Dordrecht
10. Weinreich. P (1989) Variations in Ethnic Identity: Identity Structure Analysis. *New Identities in Europe.* Gower Publishing Company, 41-77
11. Weinreich. P (1992) *Identity Exploration Workshop Notes.* photocopy
12. Weinreich, P. (1997) Enculturation of a Semi-alien: Journeyings in the Construction and Reconstruction of Identity vo Bond, H. M. (ed.) *Working at the Interface of Cultures*, 154-165, Routledge: London and New York
13. Worchel, S. et al. (1998) *Social Identity: International Perspectives.* London: Sage Publications


***Клучни зборови:*** *структурална анализа на идентитетот, процесите на идентификација, инструмент за мерење на аспектите на идентитетот.*

## SUMMARY

Nikolina KENIG

**IDENTITY STRUCTURAL ANALLYSIS**

This article outlines the main features of the Identity Structure Analysis as an open-ended, interdisciplinary approach to identity exploration. The approach provides both theoretical framework and empirical tools (once the appropriate instrument is devised) for assessing individual's appraisal of self and others in a way which takes account of both the wider social context and self's relations to it, and/or getting insights into the identity of particular groups.

The main conceptual definitions derived from the approach are explained along with some peculiarities of the very instruments that can be created on the basis of the Identity Structure approach. Some directions and examples in the process of creating instruments for identity exploration are given, and the quantitative indexes drawn from the algebraic transformations of the scale ratings are represented.